Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-487/2
_________ година
18-09-2023

Постапувајќи по претставка бр. 08-487/1 од 4.9.2023 година, поднесена од [redacted] од Гостивар, преку адвокат [redacted] против СВР Тетово- ПС Гостивар за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 18.9.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08 – 487/1 од 4.9.2023 година поднесена од [redacted] против СВР Тетово- ПС Гостивар за извршена дискриминација, **заради ненадлежност**.

## Образложение

На 4.9.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Гостивар, преку адвокат [redacted], против СВР Тетово- ПС Гостивар за извршена дискриминација.

Подносителот на претставката наведува дека истата ја поднесува поради два пријавени настани во Полициска станица Гостивар, случени на ден 4.7.2023 година, односно на 13.7.2023 година, во кои настани се јавува во својство на пријавен. Се наведува дека станува збор за настани кои се случиле пред маркетот [redacted] во Гостивар, на [redacted], кога подносителот бил пријавен и приведен за наводно непочитување на одлука на полициски службеници за паркинг место пред зградата во која живее. Сопственик на местото, односно парцелата на која се наоѓа зградата е државата, додека право на користење има Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, од каде и станарите ги имаат купено становите.

Причината поради која подносителот бил приведуван на двата горенаведени датуми е што своето возило го паркирал во дворот на зградата, на место кое наводно било резервирано за [redacted] маркетот, иако за истото немало соодветен знак, ниту пак пракса за отстапување на местото од страна на станарите. Следствено на ваквите приведувања, подносителот се обратил до ПС Гостивар со барање да му бидат доставени полициските записници по однос на настаните од двата споменати датуми. Од страна на Министерството за внатрешни работи добил одговор дека не му следува записник за пријавата, од причина што во постапката тој се јавува во својство на пријавен, а не пријавител. Оттука, со претставка се обратил до Оделелот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во Министерството за внатрешни работи, по што со Одговор рег.бр. 14.1.2-1382/7 од 7.8.2023 година бил известен дека полициските службеници од одделот констатирале дека не се потврдени изнесените наводи во претставката, туку констатирани се други пропусти на полициските службеници за што биле преземени мерки согласно Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи.

Поради ова, подносителот се смета за дискриминиран од страна на полициските службеници врз основа на неговиот личен и општествен статус, односно поради фактот што станува збор за

пензионер на 65 годишна возраст, наспроти пријавителот на настанот кој е сопственик на ланец на маркети во Гостивар.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата.

Имено, законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.“*

Од горенаведеното во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај, бидејќи е изнесено тврдење за наводно непрофесионално и незаконско постапување од страна на полициски службеници, станува збор за прашања за кои надлежни се други органи, до кои подносителот веќе се има обратено, и тоа Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во Министерството за внатрешни работи. Дополнително на ова, Комисијата не пронајде доволно факти и околности дека кон подносителот било постапувано поразлично поради неговото лично својство и општествен статус на пензионер.

Скопје
18.9.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]